Проектот е имплементиран од:

# Повик за ангажирање обучувачи за одржување обуки

## Инструкции за понудувачи

Фондација за менаџмент и индустриско истражување објавува „Повик за ангажирање обучувачи за одржување обуки“ со следниве содржински спецификации:

**1. ВОВЕД**
Фондација за менаџмент и индустриско истражување (Нарачател) со седиште на ул. „16-та Македонска Бригада“ бр. 13Б, 1000 Скопје, го спроведува проектот „Заедно за успех: млади претприемачи, движечка сила за добри меѓуетнички односи“ финансиран од Европската Унија и заради спроведување на проектните активности објавува Повик за ангажирање обучувачи за одржување обуки.

**2. ОПИС НА ПОТРЕБНИТЕ УСЛУГИ**

Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување има потреба од ангажирање на 2 обучувачи за одржување обуки на следните теми:

- **1 (еден) обучувач за обука „Градење на претприемачки капацитети”** на следните индикативни предлог теми:
  - Вовед во претприемништво, предности и предизвици
  - Мотивација и лидерство
  - Финансирање на мал бизнис
  - Менаџирање на човечки ресурси
  - Продажба и промоција
- **1 (еден) обучувач за обука „Застапување и развој на вештини за меѓуетничка соработка”** на следните индикативни предлог теми:
  - Вештини за организирано застапување
  - Бариери за организирано застапување
  - Организирано застапување пред креатори на политики
  - Здружување со претприемачи од други етнички заедници

*** Предложените теми се понудени како насока за потенцијално избраните обучувачи. Програмата треба да биде изработена согласно заключоците од Мултиетничката истражувачка студија за младинско претприемништво која е достапна на следниот линк: https://goo.gl/DvNMEP

Целна група на обуките се млади претприемачи, претставници од младински граѓански организации и експерти за економски политики и програми од општини.

Ангажманот на обучувачите за обуките е во времетраење од **5 дена**, каде 4 дена се предвидени за подготовка на материјали и програма за обука, а 1 ден (минимум 8 часа, не вклучувајќи паузи) се предвидени за одржување на обука.

Терминот за испорачување на обуките ќе биде во рамки на претприемачки камп што ќе се организира од 05-ти до 07-ми октомври 2016 година во Охрид.

Трошоците за превоз и сместување на обучувачите за реализирање на обуките за време на претприемачкиот камп ќе бидат покриени од страна на нарачателот. Организацијата на претприемачкиот камп, вклучувајќи логистика, обезбедување учесници, промоција и др. е обврска на нарачателот.

Работните обврски на обучувачите ќе бидат:

- Подготвување на работни материјали за обука според насоките на нарачателот
- Одржување обука за 50 учесници од минимум 8 часа (не вклучувајќи паузи) во рамките на кампот.

## 3. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

При аплицирањето кандидатите треба да достават:

- Биографија (CV)
- Листа на референци (листа од организации со кои претходно е работено на соодветната тематика)
- Предлог програма за одржување на обуката (теоретски и практичен дел)
- Цена на чинење на услугата (бруто сума со вклучен персонален данок) по ден за вкупно 5 дена

## 4. КРИТЕРИУМИ ЗА АПЛИКАНТИ

Апликантите мора да ги исполнуваат следниве критериуми:

- Високо образование;
- Широко познавање на развојот на невладиниот сектор;
- Длабинско познавање на областа на претприемништвото;
- Искуство во испорака на обуки.



16та Македонска Бригада 13б, 1000 Скопје
02 3108 891
www.yes-network.org
info@yes-network.org

## 5. КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНКА НА ПОНУДИ

Следниве критериуми ќе бидат искористени за оценка на добиените понуди:

| | Технички критериуми | Бодови |
|---|---|---|
| 1 | Релевантно искуство | 10 |
| 2 | Предлог програма за обука | 40 |
| 3 | Референтна листа | 10 |
| 4 | Цена | 40 |

## 6. ПРОЦЕДУРА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Апликантите треба да достават комплетна понуда со сите барани документи на е-маил mir@mir.org.mk најдоцна до 12.09,2016 до 12 часот со назнака за која обука аплицираат. Некомплетни понуди или понуди испратени по предвидениот рок нема да бидат земени предвид.

## 7. ИНФОРМАЦИИ

Повеќе информации може да бидат побарани на 2 3108 891 или на е-маил mir@mir.org.mk.